# ПРОМОВИРАЊЕ ПОВОЛНА СРЕДИНА ЗА КВАЛИТЕТНО НОВИНАРСТВО ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА



Правни инструменти

Препорака CM/Rec(2022)4

Превод кофинансиран од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

# ПРОМОВИРАЊЕ ПОВОЛНА СРЕДИНА ЗА КВАЛИТЕТНО НОВИНАРСТВО ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

**Препорака CM/Rec(2022)4**
усвоена од Комитетот на министри
на Советот на Европа
на 17 март 2022 година
на 1429-иот состанок на Замениците на министрите

Совет на Европа

Француско издание:

*La promotion d'un environnement favorable à un journalisme de qualité à l'ère du numérique*

(Препорака CM/Rec(2022)4 )

Дозволено е репродуцирање на извадоци (до 500 зборови), освен ако е за комерцијални цели, сè додека се внимава да се зачува интегритетот на текстот, извадокот не се користи вон контекст, не дава нецелосни информации или на друг начин го наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот и содржината на текстот. Изворниот текст секогаш мора да се наведува на следниов начин „©Совет на Европа, 2023 година". Сите други барања за репродуцирање/превод на целиот или на дел од документот треба да се упатат до Директоратот за комуникации (Directorate of Communications, Council of Europe, F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Секоја друга кореспонденција во врска со овој документ треба да се упати кон ГД I, Генерален директорат за човекови права и владеење на правото, Совет на Европа, Ф-67075 Стразбур, Цедекс.

Овој превод е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Наведената содржина е единствена одговорност на Советот на Европа и не значи дека секогаш ги одразува ставовите на Европската унија.

Дизајн и корица:
Документи и публикации Одделение за производство (СПДП), Совет на Европа.

© Совет на Европа, март 2023 год. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

# Содржина

| | |
|---|---|
| **ПРЕПОРАКА CM/REC(2022)4** | **5** |
| Преамбула | 5 |
| Прилог на Препораката CM/Rec(2022)4 | 8 |
| 1. Финансирање: промовирање на квалитетно новинарство како јавно добро | 13 |
| 2. Етика и квалитет: обнова и одржување на довербата | 21 |
| 3. Образование и обука | 31 |

# ПРЕПОРАКА CM/Rec(2022)4

## на Комитетот на Министри на земјите-членки за промовирање поволна средина за квалитетно новинарството во дигиталната ера

*(Усвоена од Комитетот на министри на 17 март 2022 година 1429-иот состанок на Замениците на министрите)*

### Преамбула

Комитетот на Министри, согласно член 15.б од Статутот на Советот на Европа,

Имајќи предвид дека целта на Советот на Европа е да постигне поголемо единство меѓу неговите членки, заради заштита и промовирање на идеалите и принципите кои се нивно заедничко наследство, меѓу другото и преку промовирање заеднички политики и стандарди;

Потсетувајќи на посветеноста на земјите-членки на правото на слобода на изразување и информирање, како што е загарантирано со член 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (ЕТС бр. 5, во понатамошниот текст„Конвенцијата") имајќи ја предвид судската пракса на Европскиот суд за човекови права;

Потврдувајќи дека правото на слобода на изразување и неговиот ефект, слободата на медиумите, претставуваат камен-темелник на демократијата и дека новинар(к)ите кои сакаат да дадат точни и веродостојни информации во согласност со стандардите на професијата уживаат највисока заштита според член 10 од Конвенцијата;

Препознавајќи дека квалитетното новинарство, кое почива на стандардите на професионалната етика а има различни форми според географски, правни и општествени контексти, ја следи двојната цел да дејствува како јавен чувар во демократските општества и да придонесе за јавната свест и просветлување;

Убедени дека за квалитетното новинарство да напредува, владите мора да ја заштитат и унапредат слободата на изразување и да обезбедат поволно опкружување за слободата на медиумите и плурализмот, во согласност со препораките на претходниот Комитет на Министри до земјите-членки, како и со декларациите, особено:

- Препорака CM/Rec(2018)1 за медиумски плурализам и транспарентност на медиумската сопственост;
- Препорака CM/Rec(2018)2 за улогите и одговорностите на интернет посредниците;
- Препорака CM/Rec(2018)7 за Насоки за почитување, заштита и исполнување на правата на детето во дигиталната средина;
- Препорака CM/Rec(2016)1 за заштита и унапредување на слобода на изразување и правото на приватен живот во однос на неутралност на мрежата;
- Препорака CM/Rec(2016)4 за заштита на новинарството и безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери;
- Препорака CM/Rec(2016)5 за слобода на интернет;
- Препорака CM/Rec(2011)7 за нов поим на медиуми;
- Препорака CM/Rec(2007)3 за надлежноста на медиумите од јавниот сервис во информатичкото општество;
- Препорака Rec(2000)23 за независноста и функциите на регулаторните органи за радиодифузниот сектор;
- Декларација за финансиска одржливост на квалитетното новинарство во дигитална ера (13 февруари 2019 година);
- Декларација за манипулативните способности на алгоритамските процеси (13 февруари 2019 година);
- Декларација за улогата на медиумите во заедницата во промовирањето на социјалната кохезија и меѓукултурниот дијалог (11 февруари 2009 година);

Истакнувајќи дека дигиталната трансформација создаде важни можности, но и предизвици за медиумите и комуникацијата, и дека промената кон сè повеќе дигитална, мобилна и социјална медиумска средина длабоко ја промени динамиката на производство, ширење и потрошувачка на вести и други медиумски содржини, и забележувајќи дека, како резултат на тоа, квалитетното новинарство се натпреварува за вниманието на публиката со други видови содржини кои не подлежат на истите правни, регулаторни или етички рамки;

Истакнувајќи дека онлајн платформите презедоа главна улога во дистрибуцијата и промовирањето вести и други медиумски содржини, со што стекнуваат голема моќ во дигиталната економија, притоа нарушувајќи ги традиционалните медиумски бизнис модели, и дека ова бара внимателно испитување на нивната улога и соодветните одговорности во медиумскиот сектор;

Решени да промовираат поволно опкружување за квалитетно новинарство и отворени за експериментирање и иновации во однос на содржината, форматите и методите на дистрибуција, ја поддржуваат соработката низ медиумските сектори и платформи и се способни да одржуваат креативни и иновативни идеи преку позитивни мерки и соодветна финансиска поддршка;

Решени да ја охрабрат медиумската и информативно писмената јавност која е овластена да донесува информирани и автономни одлуки за нејзината употреба на медиумите, која е способна и сака критички да се ангажира со медиумите, која го цени квалитетното новинарство и која им верува на веродостојните извори на вести;

Препознавајќи ја потребата да се изработат упатства за да им се помогне на државите, на сите засегнати чинители во медиумите, вклучително и онлајн платформите и другите релевантни актери во нивните заеднички напори за поддршка на независна, разновидна и економски исплатлива медиумска средина,

## Им препорачува на владите на земјите-членки:

1. Целосно да ги имплементираат насоките наведени во прилог кон оваа препорака;

2. При спроведувањето на насоките, да ја земат предвид релевантната судска пракса на Европскиот суд за човекови права, релевантните перпораки од Комитет на Министри до земјите-членки и декларациите, како и поврзаните меѓународни стандарди;

3. Да ги информираат другите релевантни чинители, особено сите медиумски актери, вклучително и интернет посредниците, телата за саморегулација и корегулација, академците/ките и граѓанските организации, за нивните соодветни улоги, права и одговорности за

одржување на поволно опкружување за квалитетно новинарство, како што е наведено во прилог на оваа препорака;

4. Да ги промовираат целите на оваа препорака на национално ниво, вклучително и на националните и малцинските јазици во земјата, да се ангажираат и да соработуваат со сите заинтересирани страни за да се постигне што поширoко ширење на нејзината содржина во различни објавени материјали, и да вршат размена на својата експертиза и практики преку границите со цел да се воспостават конзистентни политики за поддршка на квалитетното новинарство;

5. Редовно да ги прегледуваат и во консултација со релевантните засегнати чинители, да известуваат за преземените мерки за спроведување на оваа препорака со цел да се зголеми нивната ефикасност.

## Прилог на Препораката CM/Rec(2022)4

## Насоки за промовирање квалитетно новинарство во дигиталната ера

### A. Обем и контекст

1. Квалитетното новинарство, со својата непоколеблива посветеност на потрагата по вистината, правичноста и точноста, за независност, транспарентност и хуманост, и силно чувство за јавен интерес за промовирање одговорност во сите сектори на општеството, останува суштинско како и секогаш за здравјето на демократиите.

2. Сите видови медиуми, во нивната сè поголема разновидност, имаат важна улога во исполнувањето на ветувањето на новинарството во време кога постојано растечкиот број на информации достапни за публиката воопшто, заедно со тешкотијата да се утврдат изворите на сите овие информации, ја зголемува способноста на општествата да ја проценат нивната точност и веродостојност. Новинарските практики кои ја поддржуваат оваа улога, како и вредностите и принципите наведени погоре, треба да се признаат како јавно добро.

3. Дигиталната трансформација отвори невидени можности за прекугранична човечка комуникација, вклучително и преку создавање нови простори за луѓето во недемократски режими да се изразат себеси и за потребите од информации на обесправените групи. Развојот на онлајн алатките, исто така, беше корисен за новинарството, преку олеснување, меѓу другото, на новинарството за податоци и големата прекугранична соработка помеѓу организациите и иницијативите на истражувачките новинар(к)и.

4. Во исто време, брзиот технолошки развој доведе до тоа онлајн платформите да играат влијателна улога во објавувањето, ширењето и промовирањето вести и други медиумски содржини. Ова длабоко го наруши бизнисот со вести воопшто, а особено зачувувањето на квалитетното новинарство. Незапирливото темпо на споделување информации на интернет ризикува да ја загрози длабочината и точноста на известувањето. Дистрибуцијата на медиумска содржина е радикално трансформирана и одлуките поврзани со вестите, некогаш донесени од уредници/чки, сè повеќе се направени од нетранспарентни алгоритми на големите глобални онлајн платформи кои се водени од комерцијални размислувања за обем, споделеност и монетизација. Надзорот над новинар(к)ите и нивните извори стана полесно и попродорно преку употребата на алгоритми.

5. Новиот информативен екосистем, исто така, радикално ги трансформираше навиките за потрошувачка на вести, особено кај младите и помалку привилегираните општествени групи, и продолжува да го прави тоа. Има изобилие од информации на интернет, до кои често се пристапува преку платформи управувани од алгоритми кои немаат уредничка контрола и/или транспарентност и сè повеќе се споделуваат преку затворени апликации за пораки. Ова, заедно со алгоритамската манипулација и влијанието на преоптоварувањето со информации врз фокусот и распонот на вниманието на луѓето, им отежна на многумина да го идентификуваат и да пристапат до квалитетно новинарство. Бизнис моделите на онлајн платформите и другите посредници, кои станаа главен извор на вести и информации за глобалната публика воопшто, се чини дека го олеснуваат, па дури и го поттикнуваат ширењето на сензационалистичка, погрешна и неверодостојна медиумска содржина, придонесувајќи за растечки поделби во општеството.

6. Демократиите доживеаја растечки закани од ширење на дезинформации и онлајн пропагандни кампањи, вклучително и како дел од големи координирани напори за поткопување на демократските процеси. Овие закани доведоа до голем број јавни истраги и иницијативи на високо ниво, вклучително и од Советот на Европа, за разбирање и развивање начини за справување со масовните дезинформации. Понатаму, некои онлајн платформи имаат направено значително напори да се спречи употребата на нивните мрежи како канали за дезинформации

и манипулации со јавното мислење од големи размери, како и да се даде поголемо значење на генерално доверливите извори на вести и информации. Сепак, влијанието на овие мерки врз слободниот проток на информации и идеи во демократските општества мора внимателно да се проучуваат.

7. Во исто време, во сегашното опкружување на засилена политичка партизација, бескрупулозните политичар(к)и користат „лажни вести“ - агенда за да започнат егоцентрични напади против критичките медиуми, поткопувајќи го легитимитетот на новинарството и заострувајќи ги законските ограничувања за легитимното изразување. Во ова сè пополаризираниот информациски екосистем, довербата на поединците/ките во медиумите, како и довербата во политиката, институциите и експертизата, во многу држави, се намалија на загрижувачки ниско ниво. Голем број на медиуми кои традиционално се посветени на производство на веродостојни информации, сега се во состојба да бидат неспособни да се спротивстават на овие процеси поради намалената база на читател(к) и или гледач(к)и. Тие се борат да ги прилагодат своите делувања на дигиталното опкружување и да останат поврзани со заедниците на кои им служат.

8. Засилениот професионализам, подоброто новинарство и напорите за проверка на фактите, ангажманот на публиката, транспарентноста и повисоката одговорност во медиумските организации и интернет посредниците може да придонесат за (повторно)воспоставување на доверба и здрави односи меѓу медиумските актери и јавноста. Освен тоа, работењето во дигитално опкружување треба доследно да биде регулирано со цврсти правни и етички стандарди, особено во однос на употребата на содржината генерирана од корисниците/чките, личните податоци на корисниците/чките, следењето, авторските права и почитувањето на приватноста.

9. Под овие услови, медиумската и информациската писменост (МИП) е клучен фактор за да им се овозможи на поединците да се справат со медиумите на самоопределен начин. Тоа вклучува развој на когнитивни, технички и социјални вештини и капацитети кои им овозможуваат на луѓето:

- ефективно да пристапат до медиумските содржини и критички да ги анализираат информациите, со што ќе се охрабрат да разберат како се произведуваат, финансираат и регулираат медиумските содржини, како и да имаат доверба и компетентност да донесуваат информирани одлуки за тоа кои медиуми ги користат и како ги користат;
- да ги разберат етичките импликации на медиумите и технологијата;
- да комуницираат ефективно, вклучително и преку толкување, создавање и објавување на содржина.

10. Иницијативите на МИП за сите возрасни групи - не само за деца и млади луѓе - кои ги промовираат вештините и знаењата потребни за препознавање и вреднување на квалитетното новинарство или ги илустрираат придобивките од квалитетното новинарство за различни публики, треба поради тоа да добијат максимална поддршка од државите.

11. Финансиската одржливост останува еден од најсериозните предизвици за квалитетното новинарство. Традиционалните, засновани на реклами медиумски бизнис модели се нарушени, додека трансформацијата на големите онлајн платформи, во многу аспекти, во издавачки организации го одвои производството на вести од ширењето на вести и ја направи одржливоста на медиумите контингент на променливите алгоритамски политики на платформите и различните практики на ангажирање со медиумите. И традиционалните и дигиталните издавач(к)и се соочуваат со сериозни финансиски проблеми. Овие проблеми доведоа до продолжени делувања за намалување на трошоците и отпуштања на вработени во многу држави, зголемувајќи ја несигурноста на новинарството и придонесувајќи кон влошување на работните услови за голем број медиумски професионалци/ки кои, во потрага по профитабилно вработување, се подготвени да преземат сè поголем обем на работа, како и ризици по нивното здравје и безбедност.

12. Трендот кон поголема концентрација и унификација во медиумскиот сектор за вести и на националните пазари ја загрозува различноста на изворите и гледиштата, кои се основни за демократијата. Локалното новинарство е особено тешко погодено од новите економски основи и е на работ на целосно исчезнување на многу места, лишувајќи ги заедниците од клучните чувари на локалните власти и јавните работи. Истражувачкото новинарство и прекуграничното новинарство се клучни за надзорната функција на медиумите и кредибилитетот на секторот, но тие се скапи активности и исто така беа сериозно погодени од финансиските ограничувања.

13. Идентификувањето на новите бизнис модели и како тие да бидат одржливи е од клучно значење за иднината на квалитетно новинарство во

дигиталната ера. Во врска со ова, тешко е да се замисли, со оглед на обемот на нарушување на финансиските основи на квалитетното новинарство како што го знаеме, тоа квалитетно новинарство да биде во можност да опстане и да напредува без да ја признае и наградува неговата вредност во рамките на бизнис модел управувани од податоци на големите платформи. Ова ќе бара, меѓу другите мерки, значителни трансфери на приходи од оние платформи кои имаат акумулирано невидено ниво на богатство преку заработка на содржина од трети страни, кориснички податоци и внимание на корисниците/чките.

14. Понатаму, важно е да се осигура дека секој/а има пристап до разновиден опсег на новинарски содржини, без оглед на нивоата на приходи и социо-економските бариери. Медиумите од јавен сервис и непрофитните медиуми во заедницата мора да бидат способни да ја задржат својата клучна улога во тој поглед. Тие треба да бидат поддржани во нивниот напредок кон дигитална трансформација, вклучително и преку соодветни средства и финансирање, со цел да ја задржат својата социјална вредност и релевантност. Медиумите на јавниот сервис, кои главно се сметаат за доверлив и веродостојно извор на информации, можат да имаат стабилизирачки ефект врз медиумскиот сектор, доколку е обезбедена неговата независност од политички и комерцијални притисоци.

15. Владите, медиумските чинители, вклучително и онлајн платформите, граѓанските организации, образовните институции и другите релевантни чинители, сите имаат фундаментална улога во поддршката на квалитетното новинарство и обезбедувањето интегритет на нашите информативни екосистеми. На крајот на краиштата, ќе има малку вредни информации за дистрибуција ако примарните креатори на таква вредна содржина зголемено исчезнат.

16. Следниве упатства се дизајнирани да го стимулираат и зајакнат независното, точно и доверливо квалитетно новинарство, посветено на потрагата по вистината и на потребата да се минимизира штетата, како столб за функционирањето на демократијата. Насоките се организирани во три дела: финансирање, етика и образование. Во секој дел, на државите и на другите релевантни чинители им се нуди детално упатство за тоа како да ги исполнат нивните различни обврски, комбинирајќи правни, административни и практични мерки преку кохерентни и комплементарни стратегии. Првиот дел е првенствено, но не исклучиво, упатен до државите. Следните два дела се однесуваат на поширок опсег на засегнати страни, кои државите се охрабруваат да ги поддржат.



## 1. Финансирање: промовирање квалитетно новинарство како јавно добро

### 1.1. Општи принципи за одржливо медиумско опкружување

1.1.1. **Финансиска одржливост:** обезбедувањето на финансиската одржливост на квалитетното новинарство е од фундаментално значење за обезбедување поволно опкружување за слободата на изразување, што од државите се бара да го гарантираат со закон и во пракса. Ова е особено така во време кога деловните модели и околности кои традиционално го одржуваат квалитетното новинарство радикално се трансформираат од новата економска реалност и дигиталната еволуција.

1.1.2. **Државна акција:** државите се охрабруваат да ја проценат потребата од корективни и проактивни мерки, од законодавна, регулаторна и/или олеснувачка природа, и да ги преземат неопходните чекори насочени кон обезбедување финансиска одржливост на квалитетното новинарство како јавно добро, како и структурните услови за неговиот развој. Ваквите проценки и мерки за поддршка треба да се засноваат на критериуми со неутрална гледна точка. Државите треба да поттикнат разновидни модели за финансирање квалитетно новинарство, кое може да вклучува непрофитни организации и модели засновани на плаќање од читателите, како што се (дигитални) претплати и членарини и донации од корисници и други актери. Ваквите мерки дополнително треба да обрнат особено внимание на ситуацијата на оние делови од областа кои се соочуваат со зголемени финансиски предизвици, како што се локалното новинарство, истражувачкото новинарство и прекуграничното новинарство.

1.1.3. **Целна поддршка:** сите проактивни или корективни мерки преземени од страна на државите треба да ги земат предвид различните улоги и важни придонеси за квалитетно новинарство на различни медиумски актери, вклучувајќи ги комерцијалните медиуми, медиумите на јавниот сервис, медиумите во заедницата и независните новинари, без разлика дали традиционални, дигитални или мешани. Генерално, сите тие треба да имаат право да имаат корист од државните политики и мерки насочени кон подобрување на финансиската одржливост на секторот, со разбирање дека насочената диференцирана поддршка за одредени видови новинарство може да биде поефикасна од генерализираните мерки. Националните рамки што обезбедуваат мерки за поддршка треба да вклучуваат соодветни заштитни мерки за заштита на уредувачката независност и оперативната автономија на сите медиуми.

1.1.4. **Медиуми од јавен сервис:** како што е забележано во бројните препораки на Комитетот на министри на Советот на Европа упатени до земјите-членки и други релевантни инструменти, медиумите на јавниот сервис имаат посебна улога во промовирањето на различностите и поставувањето стандарди за квалитет. Државите треба да обезбедат стабилно и доволно финансирање за медиумите на јавниот сервис со цел да ја гарантираат нивната уредувачка и институционална независност, нивниот капацитет за иновации, високи стандарди на професионален интегритет и да им овозможат правилно да ги исполнат своите овластувања и да испорачуваат квалитетно новинарство. Овие цели и одредници не треба да бидат компромитирани со пренасочување на шемите за финансирање на медиумите на јавниот сервис за други цели, како што се мерки за поддршка или шеми насочени кон други медиумски сектори.

1.1.5. **Заедницата и локалните медиуми:** во поддршката на медиумската различност како основа за квалитетно новинарство, државите треба да развијат и промовираат низа шеми и инструменти за финансирање, вклучително и на локално ниво. Ова може да вклучи и достапност на јавни средства за обезбедување локални вести од јавен интерес и други мерки за да се осигура дека медиумите во заедницата, како и другите видови независни медиуми кои им служат на локалните и руралните заедници, имаат простор и соодветни ресурси да работат на сите дистрибутивни платформи.

## 1.2. Институционални и фискални мерки

1.2.1. **Даночни олеснувања за медиумските организации:** во обезбедувањето поволно економско опкружување, државите се охрабруваат да посветат особено внимание на развојот на општи политики од неутрална гледна точка, кои се обидуваат да ги поддржат иновациите во смисла на производство и ширење вести и други медиумски содржини, развој на нови алатки и услуги и развој на алтернативни или приспособени бизнис модели за квалитетно новинарство. Сите даночни предности или ослободувања од други давачки во принцип треба да се применуваат подеднакво на традиционалните и онлајн медиумите и да бидат одобрени преку недискриминаторски и транспарентни процедури. Посебни стимулации може да се понудат на редакциите што вработуваат нов персонал.

1.2.2. **Непрофитно новинарство:** за да се овозможи истражување на нови модели на финансирање за одржливост, државите би можеле да размислат за отстранување на сите регулаторни пречки за основањето и работењето на медиумите како добротворни или непрофитни ентитети и да дозволат донации кои имаат целосна корист од било кое законски достапно даночно ослободување или други предности. На таквите непрофитни субјекти дополнително би можело да им се дозволи да се вклучат во комерцијални активности поврзани и подредени на нивната главна цел, под услов заработката целосно да се користи за финансирање на нивните новинарски активности во јавен интерес. Разумни, недискриминаторски, транспарентни и објективно оправдани критериуми од јавен интерес може да се наметнат како дел од општите барања за добивање статус на непрофитна организација. Тие може да вклучуваат, но не се ограничени на, производство на одреден процент на независни новинарски и уредувачки содржини, редовност на објавување или емитување, усогласеност со општо прифатените професионални стандарди и етички кодекси, достапност на содржината до пошироката јавност, почитување на ефективни, транспарентни и независни саморегулаторни структури итн.

1.2.3. **Даночни и други стимулации за корисниците:** државите би можеле да размислат за дополнување на било кои политики насочени кон промовирање и олеснување на производството и ширењето квалитетни вести и други медиумски содржини преку охрабрување на нивната потрошувачка преку даночни или други стимулации за корисниците/чките, вклучително и преку субвенции за (дигитални) претплатници/чки на вести.

1.2.4. **Пристапност до квалитетно новинарство за сите:** квалитетното новинарство во неговите различни форми треба да биде достапно за секого, без оглед на нивото на приходи и други социо-економски бариери. За таа цел, може да се усвојат низа мерки за социјална заштита за да се гарантира дека оние кои не можат да ги обезбедат сопствените основни потреби имаат ефективен пристап до минимално ниво на информации што ќе им овозможи да формираат и да ги изразат своите мислења и да прават информирани избори за владата и општеството. Ваквите мерки треба да се засноваат на реалните потреби и треба да ја земат предвид динамиката на потрошувачката на вести во информатичкото општество, особено платформите што ги користат луѓето за да стигнат до вести.

## 1.3. Шеми за државна поддршка

1.3.1. **Дополнителна директна поддршка:** кога општите, индиректни мерки за поддршка се чини дека се недоволни за да се реши неуспехот

на пазарот или неповолните пазарни услови, без разлика дали генерално или во однос на специфични прашања или потсектори, државите исто така треба да размислат за усвојување политики и стимулации кои обезбедуваат финансиска и друга директна поддршка на квалитетното новинарство. Таквите мерки би можеле да вклучат специфично насочена поддршка за одредени типови на новинарска практика што нуди оригинално истражување или известување, и за интензивни ресурси или други форми на новинарство со висока јавна вредност. Засегнатите страни во медиумите и граѓанските организации кои ја претставуваат целата различност на општеството треба да бидат консултирани при елаборацијата на било кои од тие мерки.

1.3.2. **Критериуми за обезбедување директна поддршка:** мерките за директна поддршка нужно треба да следат барем една легитимна цел на медиумската политика, вклучувајќи, но не и ограничувајќи се на, промоција на медиумскиот плурализам и различност, поддршка за професионална етика, поддршка за точно и доверливо новинарство, промоција на егалитарни и иновативни новинарски практики, адаптација на дигиталната ера или медиумска писменост. Било какви субвенции или други форми на финансиска поддршка треба да бидат доделени врз основа на објективни, правични и од неутрална гледна точка правни критериуми, во рамките на недискриминаторски и транспарентни процедури и треба да бидат администрирани од тело кое ужива функционална и оперативна автономија, како што е независна регулаторна власт за медиуми..

1.3.3. **Периодични прегледи на шемите за поддршка:** условите и практиките за давање поддршка треба периодично да се ревидираат за да се осигура дека тие остануваат погодни за целта со оглед на пазарните и технолошките промени. Независните тела одговорни за администрирање на директните субвенции треба да објавуваат годишни извештаи за користењето на јавните средства за поддршка на медиумските актери.

1.3.4. **Поддршка за истражувачко новинарство:** државите треба да размислат, во тесна соработка со националните здруженија на новинар(к) и, синдикати и релевантни организации на граѓанското општество, за формирање на национални фондови, грантови и/или друга насочена помош за истражувачкото новинарство или поддршка на постоечки фондови или проекти насочени кон:

- финансирање истраги за прашања од јавен интерес;
- обезбедување обука за новинар(к)и и други медиумски актери вклучени во практиката на истражувачкото новинарство;
- поддршка на иницијативи за соработка и мрежи на истражувачки новинарски организации, вклучително и од меѓународен карактер; и
- развивање дигитални алатки способни да го подобрат новинарското истражување и известување.

Статутите на таквите фондови треба да гарантираат дека тие не се за профит, се управувани од независно тело и водени од принципите на транспарентност и отчетност. Таквите фондови би можеле да добиваат јавни грантови и субвенции и приватни донации чија транспарентност мора да биде загарантирана.

1.3.5. **Саморегулација и корегулација:** државите треба да размислат, во тесна соработка со националните здруженија на новинар(к)и, синдикати и медиумски компании или здруженија, да придонесат за финансирање на советите за медиуми и други механизми за саморегулација, со цел да се обезбеди нивната финансиска одржливост. Сите финансиски шеми треба да подлежат на соодветни заштитни мерки за заштита на автономијата и независноста на саморегулаторите или корегулаторите.

## 1.4. Балансирање на односите помеѓу онлајн платформите и медиумските организации

1.4.1. **Државни инструменти:** за подобрување на условите за самофинансирање на квалитетно новинарство, државите треба да размислат за воведување соодветни рамки насочени кон обезбедување фер третман на производителите на содржини и медиумите од страна на онлајн платформите и другите релевантни интернет посредници кои даваат пристап, хостираат и дистрибуираат вести и други медиумски содржини, кои агрегираат таква содржина и кои овозможуваат нејзино пребарување, или на друг начин извршуваат какви било други функции и услуги поврзани со пристапноста, видливоста и пронаоѓањето на таквата содржина. Таквите рамки треба, особено, да обезбедат медиумската содржина јасно да се припише на платформите, за да им се овозможи на корисниците/чките да го утврдат нејзиното потекло без тешкотии. Тие, дополнително треба, да им овозможат на медиумските организации ефективно да градат директни односи со својата публика преку соодветен пристап до податоците за користење и создаваат неопходни услови за правично споделување на

приходите што произлегуваат од големата дисеминација и монетизација на медиумската содржина на онлајн платформи. Многуте предизвици вклучени во вакви сложени процеси ќе бараат ангажман и на приватниот и на јавниот сектор и тесна соработка на сите релевантни чинители.

1.4.2. **Споделување податоци:** медиумските организации треба да бидат способни да се вклучат со корисниците/чките директно на интернет и да имаат пристап до сите релевантни податоци од публиката, вклучувајќи ги и личните податоци собрани од онлајн платформите за користењето на нивната содржина, како би можеле да им понудат на корисниците/чките оптимално искуство и да ги подобрат нивните услуги, во согласност со преференциите на корисниците/чките и земајќи ги предвид специфичните шеми на користење на поединечни платформи. Пристапот до податоците е неопходен и за медиумските организации да можат да добијат приходи од ширење на нивната содржина на онлајн платформите, без разлика дали се од рекламирање или комерцијални комуникации или од претплати или други плаќања, а исто така и за нивните маркетинг активности. Податоците треба да се обезбедат на транспарентен начин, откривајќи ја методологијата на собирање. Треба да се развијат транспарентни и партиципативни механизми преку тесна соработка помеѓу медиумските организации и онлајн платформите да се реши ова прашање како што е соодветно, поткрепено со законски обврски и овластувања за независни надзорни механизми. Секоја обработка на податоци мора да биде во целосна согласност со барањата за заштита на податоците кои произлегуваат од постојните законски рамки за приватност и заштита на податоците, вклучувајќи ги релевантните меѓународни стандарди утврдени во Модернизираната конвенција за заштита на поединци во однос на обработката на личните податоци (CETS бр. 223,„модернизирана конвенција 108“).

1.4.3. **Правични и транспарентни пазарни услови:** државите треба да преземат мерки за справување со ограничената способност на медиумските организации да се натпреваруваат со големите онлајн платформи за приходи од реклами од нивните маркетинг услуги водени од податоци, со цел да се справат со ризиците кои произлегуваат од доминација на пазарот на платформи. За таа цел, тие треба да ги разгледаат мерките насочени кон гарантирање правични и транспарентни пазарни услови кои може да вклучуваат ажурирање на законот за конкуренција а дигиталниот пазар или спроведување правила кои се однесуваат на интеракции од-платформа-до-бизнис. Понатаму, онлајн платформите треба да бидат транспарентни за тоа дали даваат повластен третман на одредени содржини или услуги, особено во однос на субјектите кои се поврзани со нив преку долгорочни обврски, сопственички удели итн. Државите би можеле да разгледаат и мерки за редистрибуција насочени кон правично споделување на приходите од маркетинг и рекламирање меѓу медиумските организации кои произведуваат таква содржина, и големите онлајн платформи и други релевантни интернет посредници кои имаат значителна корист од нејзината дистрибуција. Таквите мерки може да се развијат независно од плаќањето на какви било такси што се применуваат според законите за авторски права, кога тие се недоволни да се постигне урамнотежена распределба на средствата, и треба да се стремат да имаат корист од издавачите на медиуми од различни големини и профили, во согласност со нивните специфични придонеси за новинарството од јавен интерес.

1.4.4. **Транспарентност на рекламирањето:** во смисла на доминацијата на главните онлајн платформи на пазарот за онлајн рекламирање, треба да се преземат мерки за подобрување на транспарентноста на нивните системи и практики за рекламирање преку тесна соработка помеѓу релевантните платформи, засегнатите страни во медиумите и огласувачите, како и соодветно, со законски обврски и независни механизми за надзор. Овие механизми за транспарентност треба да бидат дополнети со мерки кои имаат за цел да ги решат сите неоправдани ограничувања на конкуренцијата што може негативно да влијае на приходите од рекламирање на медиумските организации. Таквите правни лекови треба, исто така, да имаат за цел да го избегнат пренасочувањето на приходите од рекламирање од точни и доверливи извори на вести кон извори на дезинформации и отворено лажни содржини, и наместо тоа да бараат да се наградат веродостојните извори на вести идентификувани како такви според транспарентни критериуми развиени во согласност со пристапите наведени во став 2.2.3. од овие упатства. Понатаму, развојот на иницијативи за МИП кои им помагаат на поединците да станат посвесни за тоа како функционира онлајн рекламирањето може да го зголеми притисокот врз онлајн платформите за зголемување на транспарентноста.

1.4.5. **Доброволни придонеси на онлајн платформи:** онлајн платформи, други релевантни интернет посредници и огласувачи кои се занимаваат со дисеминација од големи размери и монетизација на содржини од трета-страна треба да ја препознаат нивната одговорност да даваат значајни придонеси за издавачи на медиуми или јавни субјекти, финансиски и преку други средства. Тие на тој начин треба да придонесат за зачувување на

квалитетното новинарство на пазарите на кои имаат значително деловно присуство и каде што генерираат важни приходи од онлајн вести. Таквите придонеси треба да бидат независни од изборот на алатки и платформи на корисниците и треба да има силни гаранции за уредувачката автономија на медиумите кои имаат корист. Овие придонеси, исто така, треба да се прошират на развојот и промовирањето на иницијативите на МИП кои ги овластуваат поединците да го препознаат и вреднуваат квалитетното новинарство. Онлајн платформите се охрабруваат да соработуваат со граѓанското општество, владите, образовните институции и другите засегнати страни за да ги поддржат напорите насочени кон подобрување на критичкото размислување и дигиталната медиумска писменост.

## 1.5. Услови за работа на новинар(к)ите

1.5.1. **Работно време и права:** политиките за поддршка треба да вклучуваат мерки за спротивставување на прогресивното влошување на работните услови на новинар(к)ите во дигиталната ера, што е главен фактор што придонесува за падот на квалитетното новинарство. Државите треба да ги зголемат напорите за соодветно спроведување на постојните национални регулаторни рамки со цел да обезбедат новинар(к)ите да се вработуваат, колку што е можно, со редовни договори, да добиваат целосни социјални надоместоци, а во спротивно ги уживаат сите работнички права загарантирани со закон. Треба да се предвидат соодветни одредби во националните закони за вработување за ефективно да се овозможи враќање на професијата од мајчинство, татковство, посвојување или родителско отсуство.

1.5.2. **Улогата на професионалните здруженија:** синдикатите и новинарските здруженија, исто така, имаат важна улога во промовирањето на квалитетно новинарство и во помагањето на професијата да се прилагоди на новите бизнис модели и технолошки промени. Меѓу другите приоритети, тие треба да ги бранат правата на рапидно растечкиот број на хонорарни новинар(к)и и во нивно име се залагаат за основните заеднички права што ги уживаат вработените кои земаат плата, вклучително и минималната плата. Медиумите и професионалните здруженија треба да ги диверзифицираат темите и областите на обука и да развијат конкретни програми за поддршка особено за младите професионалци/ки и нивните колеги/шки изложени на особено несигурни работни услови. Понатаму, хонорарни новинар(к)и, професионалци/ки базирани на проекти и другите медиумски практичар(к)и во несигурни форми на вработување треба целосно да имаат корист од механизмите за заштита насочени кон обезбедување на безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери во согласност со барањата од Препораката CM/Rec(2016)4.

1.5.3. **Здравствени прашања поврзани со работата:** поради природата на новинарските активности, особено оние кои вклучуваат покривање на стресни или трауматски настани, или инциденцата на вознемирување во нивната работа, новинар(к)ите се соочуваат со зголемен ризик за развој на траума поврзана со работата или други здравствени проблеми. За да се спротивстават на овој ризик, синдикатите и новинарските здруженија треба, во соработка со медиумските организации и другите релевантни чинители, вклучително и новинарските училишта, да развијат едукативни материјали, курсеви за обука и други превентивни стратегии за да се подигне свеста за импликациите од покривањето на трауматските задачи на вестите. Релевантните медиумски чинители, исто така, треба да развијат практични ресурси за поддршка на новинар(к)ите кои страдаат од стрес или траума поврзана со работата, како на пр. како советување за ментално здравје.

1.5.4. **Новинарки:** синдикатите и новинарските здруженија треба да соработуваат со медиумските организации и другите релевантни чинители во зајакнувањето на родово-етичкото новинарство и борбата против дискриминацијата, вклучително и дискриминација на работното место во однос на платата, третманот и условите за работа. Покрај тоа, синдикатите и новинарските здруженија треба да развијат иницијативи и да го водат патот кон искоренување на вознемирувањето, заканите и насилството врз новинарките, особено на интернет, и зголемување на различностите и родова еднаквост во редакциите. За таа цел, тие треба да донесат конкретни мерки за поддршка како што се прирачници за обука специфични за родот и практична обука за безбедност, здравје и работни услови.

# 2. Етика и квалитет: обнова и одржување на довербата

## 2.1. Производство на квалитетно новинарство

2.1.1. **Проверка на факти:** продукцијата на вести вклучува употреба на повеќе извори на информации, вклучително и содржина генерирана од корисниците/чките. За да се зачува кредибилитетот, продукцијата на вести, а особено покривањето на вонредните вести мора да биде колку што е можно поточно. Достапни се неколку алатки, техники и етички упатства кои може да се применат во процесот на производство на вести, вклучувајќи

известување за вести собрани од социјалните медиуми, употреба на содржина генерирана од корисниците/чките за време на итни случаи или користење на видео од очевидци/тки како доказ. Овие практики треба систематски да се интегрираат во основната обука за новинарство и да ја зајакнат проверката на фактите и внимателниот избор на извори како камен-темелник на квалитетното новинарство. Особено, медиумите треба да внимаваат и да ги проверуваат приказните што потекнуваат од анонимни приватни форуми, апликации за пораки или социјални медиуми пред да ги цитираат, вградат или на друг начин да ги пренесат, со цел да се избегне ширење дезинформации. Заедничките проекти за проверка на факти помеѓу повеќе редакции, универзитети, невладини организации и онлајн платформи, како и меѓу организации во различни држави, може да имаат корисни ефекти, особено во предизборен и референдумски период.

2.1.2. **Обнова и одржување на довербата:** медиумските организации, во соработка со националните здруженија на новинар(к)и, синдикати и независни граѓански организации, треба да изготват и усвојат заеднички кодекс на добри практики за транспарентност за обнова на довербата и здрави односи со јавноста и со соработниците/чките на медиумски содржини. Таквите кодекси треба да подлежат на соодветни механизми за усогласеност. Примери на критериуми за доверба може да вклучуваат:

- изјави за мисијата на медиумските организации, уредувачките стандарди и севкупните етички политики, особено процедурите за корекција и правилата за употреба на анонимни и псевдонимни извори;
- информации за директната и индиректната сопственост на медиумот и политиките поврзани со уредувачката независност од изворите на финансирање, вклучувајќи грантови и донации;
- ефективни правни заштитни мерки кои обезбедуваат уредувачка автономија и независност на медиумот од државата;
- детали за новинарот/ката/авторот/ката/репортерот/ката, вклучувајќи ја нивната експертиза и други приказни/стории на кои работеле, освен кога откривањето на идентитетот може да ги изложи засегнатите лица на лични ризици или одмазда за нивната работа;
- цитати и референци во врска со изворите, особено оние кои стојат зад фактите и тврдењата во истражувачките или длабинските приказни/стории, имајќи ги предвид легитимните потреби за доверливост;
- позадина за тоа како биле замислени написите и покривањето, вклучувајќи информации за тоа зошто новинар(к)ите избрале да се занимаваат со таа приказна/сторија, процесот зад приказната/сторијата и дали таа има локално потекло или вклучува локална експертиза;
- јасност за природата на содржината и јасно забележливи разлики помеѓу мислење, анализа, промотивна/комерцијална/спонзорирана содржина и фактички информации, како и етикети за разликување на содржина генерирани од корисниците/чките од извештаите на професионалните вести;
- документирање и споделување на напорите направени за вклучување на мноштво перспективи, за зголемување на застапеноста на сите родови и заедници и за диверзификација на изворите на информации и експертиза;
- поттикнување на повратни информации и учество на јавноста за приоритетни теми, во придонесот во процесот на известување и во обезбедувањето точност и разновидност на перспективите;
- откривање на какви било софтверски алатки за вештачка интелигенција (ВИ), како што е„роботско новинарство“, што се користи во продукцијата на вести и информации за тоа како тие се користат;
- развивање ажурирани кодекси на професионална етика за да се вклучат прашања поврзани со употребата на вештачка интелигенција и алгоритми во истражувањето, производството и дистрибуцијата на вести;
- информации за придржување до релевантните саморегулаторни структури и достапните внатрешни и надворешни механизми за жалби.

2.1.3. **Саморегулација:** посветеноста на медиумите за верификација и контрола на квалитетот треба да се надополни со ефективни доброволни саморегулаторни механизми за медиумите, како што се народните правобранители и советите за печатот/медиумите. Јавноста треба да биде запознаена и да има пристап до, разбирливо, транспарентни и експедитивни механизми за поплаки што им овозможуваат да означат содржина што ги прекршува новинарските професионални и етички стандарди, исто така кога се дистрибуираат онлајн, и да добијат корекции на неточни информации. Поплаките треба да ги постапуваат независни тела задолжени да ги почитуваат новинарските професионални и етички

стандарди. Таквите независни тела треба да имаат стабилно финансирање и значајни овластувања, особено да бараат објавување на истакнати корекции и критички пресуди и извинување.

2.1.4. **Инклузија:** урамнотежена застапеност и еднакво учество на различните групи во општеството во вестите и во медиумите воопшто, без разлика дали се професионалци/ки, како стручни извори или како главни актери во приказните/сториите, се важни показатели за квалитетно новинарство. Медиумските организации мора да направат напори да вклучат различни перспективи и да развијат иновативни формати кои промовираат дијалог и учество меѓу различните сегменти на населението. МИП иницијативите можат да им помогнат на поединците/ките, особено на оние од малцинските или обесправените заедници да развијат вештини и доверба за да се вклучат во медиумите и да учествуваат во јавната сфера. Можностите што ги дава дигиталното опкружување за обраќање на публика со специфични потреби треба дополнително да се истражат и унапредат. Важно е да се достапни точни и веродостојни информации на различни јазици и технички стандарди, со цел да се вклучат малцинствата и лицата со посебни потреби, за да се исполни правото на примање и пренесување на информации и идеи.

2.1.5. **Род:** медиумските организации треба да ги интензивираат своите напори за да обезбедат правично родово портретирање и учество во вестите онлајн и офлајн. Треба да се развијат посветени прирачници, насоки, активности и проекти за да се зајакне положбата на жените во медиумите, и како експертки и како новинарки, и да се решат родовите нееднаквости, особено во однос на застапеноста и наградувањето. Најдобрите практики за родова еднаквост треба да се изготват, измерат, имплементираат и наградуваат како индикатори за квалитетно новинарство..

2.1.6. **Деца:** потребите за информации на децата од различни возрасни категории треба посебно да се решат преку достапноста, преку сите релевантни медиуми и платформи, на широк спектар на квалитетни содржини кои одговараат на нивните интереси, нивоа на писменост, јазични преференци и културна позадина. Ваквата квалитетна содржина треба да содржи информативна и фактичка содржина и едукативна и културна содржина, како и содржини со забавна вредност. Редакциите, особено во медиумите на јавниот сервис, се охрабруваат да инвестираат во производството и ширење на вести и програми за тековни работи и услуги кои се насочени конкретно на децата и младите. Притоа, тие се охрабруваат да промовираат можности за вклучување на младите луѓе во производство на квалитетна содржина и ангажирање со таква содржина, на пример со користење на жанрови, формати и канали за дистрибуција кои зборуваат на младата публика и кои истата ја интересираат. Медиумските активности на заедницата кои вклучуваат различни возрасни групи во новинарска обука и продукција придонесуваат за размена и дијалог меѓу генерациите, и исто така треба специфична поддршка.

## 2.2. Дисеминација на квалитетна содржина

2.2.1. **„Gatekeeping„ (Процес на филтрирање на информации):** каналите за дистрибуција на дигитални медиуми и портали со курирана или спонзорирана содржина сега влијаат на пристапот и пронаоѓањето на квалитетна содржина, вклучително и од медиумите на јавниот сервис, преку нивниот персонализиран избор и препораки врз основа на изразените или заклучените преференции на корисниците/чките. Државите, во соработка со онлајн платформите и други релевантни интернет посредници, медиумски организации и други клучни чинители кои ја претставуваат целата разновидност на општеството, треба да се справат со предизвиците поврзани со онлајн дистрибуцијата на медиумски содржини од јавен интерес и да развијат соодветни регулаторни одговори за да се осигури дека таквата содржина е универзално достапна, лесна за наоѓање и препознаена како извор на доверливи информации од страна на јавноста. Државите би можеле, таму каде што постои соодветна рамка за правото за конкуренција, да прават редовни проценки за тоа дали релевантните интернет посредници имаат пазарна моќ и, доколку имаат, да ги применат принципите на правото за конкуренција доколку таквата пазарна моќ се користи на начин што резултира со негативни ефекти врз конкуренција, вклучувајќи го и секој дискриминаторски ефект врз давателите на медиумски содржини.

2.2.2. **Недискриминација:** онлајн платформите и другите релевантни интернет посредници кои ги модерираат и рангираат вестите и медиумските содржини или вршат какви било други функции и услуги поврзани со таква содржина, треба да го сторат тоа целосно во согласност со правото на недискриминација загарантирано во член 14 од Конвенцијата. Критериумите на онлајн платформите за видливост, пронаоѓање и пристапност на вестите и другите медиумски содржини, без разлика дали се применуваат само со автоматизирани процеси или во комбинација со човечки одлуки, треба да бидат транспарентни и не треба да го ограничува пристапот до кој било извор на вести или друга медиумска содржина само врз основа на неговото

политичко или друго мислење, или на какви било други карактеристики што може да го придонесат за различен дискриминаторски третман во смисла на таа одредба.

2.2.3. **Приоритетизирање на новинарството од јавен интерес:** ефективниот пристап до квалитетно новинарство треба да биде поддржан со независни и транспарентни саморегулаторни медиумски иницијативи, отворени за учество на повеќе засегнати страни, кои развиваат критериуми за идентификување на веродостојна содржина. Ваквите критериуми би можеле да се применат, или преку човечки или автоматски средства, во процесот на медиумска дистрибуција и потрошувачка. Онлајн платформите и другите релевантни интернет посредници треба да ги искористат тие критериуми за промовирање на оние даватели на вести и квалитетно новинарство кои нудат таква веродостојна содржина, за таа цел тие треба постојано да ги подобруваат своите внатрешни процеси и операции, вклучително и преку зголемена транспарентност.

2.2.4. **Употреба на алатки за вештачка интелигенција:** употребата на алатки за вештачка интелигенција при креирање и дистрибуција на содржина од страна на медиумските организации треба да биде транспарентна и да го земе предвид влијанието на автоматизацијата врз човековите права, а особено врз слободата на изразување. Понатаму, разликите во големината, ресурсите и предноста на различните медиумски организации, вклучително и онлајн платформите кои користат такви алатки, треба да се решат соодветно. Конкурентните предности на големите организации со пристап до огромни количини кориснички податоци, на пример, може да ги влошат постоечките разлики и да резултираат со нивна значителна контрола врз развојот и употребата на автоматизирани уредувачки процеси. Затоа, напорите треба да бидат насочени кон промовирање на еднакви услови за игра помеѓу различните видови медиумски организации во однос на нивниот пристап и контрола над алатките за вештачка интелигенција.

2.2.5. **Алгоритамска одговорност:** онлајн платформите, другите релевантни интернет посредници и медиумските организации треба да имаат за цел да работат што е можно потранспарентно, надминувајќи ги минималните законски барања и да ги обезбедат корисниците/чките со потребните алатки за да ги разберат основните критериуми и функционирањето на алгоритмите вклучени во дистрибуцијата и приоритизирањето (или недостатокот) на медиумските содржини. Во интерес на транспарентноста и одговорноста кон јавноста, онлајн платформите, исто така, треба да соработуваат со истражувачката заедница и новинар(к)ите кои известуваат за горенаведените процеси и да им овозможат пристап до релевантните анонимизирани збирки на податоци, со целосно почитување на важечките рамки за заштита на податоците, со што се олеснува континуираната анализа на влијанието на алгоритамските системи врз онлајн дистрибуцијата на медиумските содржини.

2.2.6. **Мониторинг и надзор:** усогласеноста со одговорностите на онлајн платформите во врска со пристапот, дистрибуцијата и приоретизирањето на вестите и другите медиумски содржини треба да биде предмет на мониторинг и надзор од независни актери. Ова може да се обезбеди со редовно известување од релевантните онлајн платформи за тоа како се донесуваат одлуките поврзани со курирањето на содржината. Надзорната функција може да им се довери на независни национални регулаторни органи за медиуми или други назначени тела, кои треба да ги имаат потребните овластувања, ресурси и овластување за одлучување за да можат да ја извршуваат својата задача на ефективен, транспарентен и одговорен начин.

## 2.3. Заштита на податоци

2.3.1. **Приватност:** медиумските организации кои обработуваат лични податоци на корисниците/чките на нивните онлајн услуги и користат механизми за следење и профилирање за комерцијални цели треба да се усогласат со постојните законски рамки за приватност и заштита на податоците, вклучувајќи ја модернизираната Конвенција 108. Кога медиумската организација користи платформа на трета страна, која може да вклучува обработка на лични податоци, соодветните одговорности, особено во однос на правата на субјектите на податоците и обврските за информации на контролор(к)ите на податоците, треба да бидат јасно утврдени и договорени меѓу страните. Медиумските организации не треба да се сметаат за одговорни за активностите за обработка на податоци што ги спроведуваат платформи на трети страни исклучиво за нивни сопствени комерцијални цели и врз основа на нивните сопствени политики или услови за приватност, врз кои медиумските организации немаат никакво влијание.

2.3.2. **Права на корисниците:** медиумските организации треба да обезбедат дека целата обработка, вклучувајќи собирање, задржување, собирање, складирање, адаптација, менување, поврзување, споделување, мигрирање преку или манипулација од повеќе уреди, на лични податоци на нивните корисници/чки (субјекти на податоци) е заснована на слободна,

специфична, информирана и недвосмислена согласност на корисникот/чката во однос на одредена цел, или друга легитимна основа утврдена со закон. Сите фази на операциите за обработка на податоците треба да се усогласат со принципот на приватност генерално и приватност по дизајн, како и со принципите на правичност и транспарентност, одговорност на контролор(к)ите на податоците, безбедноста на податоците и правата на субјектите на податоците. Конкретно, но не само, корисниците/чките (субјектите на податоци) треба да бидат способни да:

- имаат пристап до упатствата за заштита на податоците кои се достапни и разбирливи, без разлика на индивидуалните нивоа на (медиумска) писменост и индивидуалните нивоа на свесност за човековите права;
- добиваат информации за обработката на нивните лични податоци и да добијат пристап до таквите податоци;
- добијат исправка или бришење на неточни, непрецизни или нецелосни лични податоци;
- побараат личните податоци да се избришат кога веќе не се потребни или ако обработката е незаконска;
- се противат на обработка на лични податоци за маркетиншки цели или на основи кои се однесуваат на одредена ситуација;
- имаат ефективен правен лек доколку барањето на информации или, во зависност од тоа каков е случајот, пристапот, комуникацијата, исправката или бришењето не се почитува.

2.3.3. **Свесност:** државите, медиумските актери и другите релевантни чинители треба да усвојат различни стратегии и мерки, вклучувајќи ги иницијативите на МИП и образованието за човекови права, за да го поттикнат знаењето на поединците/ките за нивните права во однос на заштитата на податоците, како и да промовираат одговорна употреба на лични податоци од самите поединци/ки и да се осигура дека личните податоци на децата се само обработени со согласност на родителите или законските старател(к)и, како што е утврдено со националните закони.

## 2.4. Медиумски развој „отпорен на иднината“

2.4.1. **Ангажирање:** создавањето посилни и поинтерактивни односи со публиката може да го направи квалитетното новинарство поодржливо. Медиумите се охрабруваат да бараат нови формати за промовирање на дискусија за прашања од јавен интерес, градејќи се на потенцијалот за конструктивна дебата и став ориентиран кон дијалог што може да се стекне во рамките на онлајн и другите заедници кога ќе препознаат дека се сфатени сериозно. Умереноста на онлајн публиката/коментарите може да стане основна предност на професионалното новинарство, под услов медиумските организации и работодавач(к)ите да вложат доволно инвестиции во обука и ресурси за управување со дискусии за онлајн вести. Бесплатните платформи за коментирање со отворен код може да го олеснат барањето прашања и повратни информации од онлајн заедницата, да им помогнат на редакциите да ги придржуваат коментатор(к)ите кон правилата и да ја покажат својата најдобра работа. Делот за придонеси кој обезбедува безбеден простор за читател(к)ите да го споделат своето искуство и знаење, како и нивните мислења, овозможува вклучување на перспективите од заедниците кои често не се пријавени или се недоволно пријавени. Иницијативите за МИП може да им помогнат на поединците/ките да развијат вештини и самодоверба да се вклучат, да учествуваат и да ја предизвикуваат несоодветната содржина или коментар.

2.4.2. **Иновации:** медиумските организации може да имаат корист од воведувањето на нови технологии, искористувајќи ги можностите додека ги балансираат реалните потреби и го оценуваат влијанието врз нивната публика. За квалитетното новинарство да напредува во дигиталната ера, медиумските организации посебно треба да поддржат:

- развој на иновативни, колаборативни новинарски проекти, во кои се вклучени и фриленс новинар(к)и;
- транзиција на печатените публикации во дигитално опкружување преку соодветни алатки, софтвер и технолошка инфраструктура; и
- развој на дигитален бизнис и лидерски вештини на медиумските практичар(к)и, вклучително и вештини за мерење и анализа на публиката.

2.4.3. **Локални медиуми:** обновата на доверба и здрави односи со (локалната и хиперлокалната) публика може да се постигне преку заеднички практики како што се хиперлокални онлајн редакции и други иновативни пристапи кои им овозможуваат на новинар(к)ите и на јавноста да работат заедно на прашања кои се оригинални, релевантни и популарни. Конкретно, механизми за поддршка на следните активности треба да се развијат преку ангажман на повеќе засегнати страни, вклучително и со локалните заедници:

- развој на остварливи бизнис модели за локално и хиперлокално новинарство развој на остварливи бизнис модели за локално и хиперлокално новинарство;
- градење на дигитално присуство за локални и хиперлокални медиуми;
- градење на капацитети за непрофитни медиуми и медиуми во заедницата кои служат на потребите на локалните заедници, вклучувајќи ги и јазичните потреби.

## 2.5. Поволно политичко и социјално опкружување

2.5.1. **Плурализам:** државите имаат обврска да обезбедат доволна разновидност во севкупниот опсег на типови медиуми што обезбедуваат независно, квалитетно новинарство, имајќи ги предвид разликите во однос на нивните цели, функции и географски дострел. Комплементарната природа на различни типови медиуми, исто така, го зајакнува надворешниот плурализам и може да придонесе за создавање и одржување на различноста на медиумските содржини, како што е наведено во Препораката CM/Rec(2018)1.

2.5.2. **Придонесот на медиумите на јавниот сервис во општеството:** независните медиуми од јавниот сервис, особено, имаат важна социјална функција како доверлив извор на информации. Тие играат централна улога во прикажувањето на настаните на сеопфатен и инклузивен начин, објаснувајќи сложени ситуации и промени, дозволувајќи и на јавноста да го разликува важното од тривијалното и да истакнува конструктивни решенија за важни предизвици. Државите имаат специфична обврска да се осигураат дека медиумите на јавниот сервис уживаат уредувачка автономија и се способни да работат независно, како и дека нивната содржина е универзално достапна, вклучително и онлајн.

2.5.3. **Општествена вредност на истражувачкото известување:** истражувачкото новинарство е од витално значење за одржување на улогата на медиумите како чувари на јавноста и за зголемување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции и ресурси. Така, државите треба да го поддржат развојот на независни иницијативи насочени кон истакнување на влијанието на истражувачко известување врз општествените промени, со цел да се подигне свеста и да се уважат социјалните придобивки од истражувачкото новинарство и новинските медиуми и, поопшто, квалитетното новинарство произведено во согласност со уредувачките и етичките стандарди на професијата, и да се генерира широка поддршка за неговата мисија.

2.5.4. **Дезинформации:** дезинформациите ја поткопуваат довербата во медиумите и ја загрозуваат веродостојноста на информациите што ја потхрануваат јавната дебата и демократијата. Усогласените национални и/или транснационални напори за справување со дезинформациите и пропагандата треба да добијат целосна поддршка од државите на начин кој нема да ја поткопува нивната независност. Таквата поддршка треба да биде достапна на постојана основа, не само за време на изборните кампањи. Како што манипулацијата со информациите се храни со поделби и тензии, зајакнување на отпорноста и кохезијата на општествата треба да бидат долгорочна европска цел. Добро информирано и медиумско писмено општество (вклучувајќи новинар(к)и, медиуми, онлајн платформи, невладини организации и поединци/ки) е суштински дел од одбраната од манипулација со информации во демократските општества. Медиумскиот сектор има клучна улога во соработката со низа други сектори за создавање и промовирање иницијативи за МИП за да им помогне на граѓан(к)ите да препознаат и да развијат отпорност на дезинформации.

2.5.5. **Политичко немешање:** државните и локалните власти, политичар(к)ите и јавните функционер(к)и треба да се воздржат од преземање дејствија што ја поткопуваат независноста на медиумите, почнувајќи од политичко мешање во нивните делувања или несоодветна финансиска контрола врз медиумите до стигматизирање и дискредитирање критички настроени медиуми и закани кон новинар(к)ите. Ваквите постапки имаат застрашувачки ефект врз правото на медиумите слободно да известуваат и водат до самоцензура во однос на критиките на владината политика и политичките личности. Понатаму, и без прејудицирање на сите релевантни национални закони и регулативи, јавните власти, особено локалните власти, треба да се погрижат нивните јавни информативни материјали и публикации да не се натпреваруваат за приходи од реклами со независниот локален печат.

# 3. Образование и обука

## 3.1. Медиумска и информациска писменост за дигиталната ера

3.1.1**. Централна улога на МИП:** МИП има клучна улога во зајакнувањето на луѓето со вештини и знаења да го препознаат, користат и вреднуваат квалитетното новинарство. Предизвиците наметнати од променливото медиумско опкружување и соодветната потреба за подобрување на

ангажманот на јавноста и довербата во медиумите и другите демократски институции, бара од засегнатите страни на МИП да обрнат внимание на позитивното влијание што проектите на МИП можат да го имаат во однос на квалитетното новинарство и да се одговори со сеопфатни пристапи прилагодени да им служат на различните потребите на луѓето од сите возрасти и сфери на животот. Иницијативите на МИП имаат за цел да го променат однесувањето. Ова може да биде сложено, скапо и да одзема многу време; соодветно, државите, медиумите и другите чинители на МИП треба да бидат подготвени да водат, да учествуваат и да финансираат проекти за МИП на долгорочна основа. Државите треба да обезбедат максимална поддршка за развојот на иницијативите за МИП кои ги илустрираат придобивките од квалитетното новинарство за различните публики и им помагаат да се вклучат со таква содржина на нови начини и на нови платформи..

3.1.2. **Програми за МИП за поддршка на квалитетно новинарство:** со оглед на длабоките промени во медиумските системи, како и асиметриите во економската моќ и политичките интереси, програмите и активностите за МИП треба да им помогнат на корисниците/чките подобро да разберат како се управува и регулира онлајн инфраструктурата и економијата и како технологијата може да влијание врз изборот во однос на медиумите. Развојот на ова знаење треба да биде приоритизирано и развојот на релевантните вештини да се интегрира, каде што е можно, во програмите и активностите за МИП. Идните програми за МИП за промовирање и заштита на квалитетно новинарство треба да земат предвид како луѓето разбираат и прават избор кога се занимаваат со дигитални медиуми, вклучително и свесност за ирационалност, предрасуди, неточности и невистини.

3.1.3. **Државни мерки:** државите треба да ја дефинираат промоцијата за МИП како експлицитна цел на нивните медиумски, информативни и образовни политики и да инвестираат соодветни ресурси во МИП и во развојот на стратегии за соработка, комуникација и образование, заедно со меѓународните и граѓанските организации, медиумските организации, медиумите на јавниот сервис и другите релевантни актери. МИП треба да биде интегрирана во државните мерки за образование на сите возрасни групи, како суштински дел од училишните програми од основно училиште па наваму. Затоа, неопходна е интеграција на МИП во образованието и понатамошната обука на наставниците/чките. Државните мерки за граѓанско образование кои се однесуваат на постарите возрасни групи треба да го вклучат и МИП. Истражувањето за концептите и стратегиите за поттикнување на МИП на поединци/ки и трансферот на нејзините резултати во пракса треба да се поддржат на долгорочна и стратешка основа.

3.1.4 **Поддршка за независни МИП иницијативи:** државите треба да воспостават адекватно финансирани финансиски инструменти за независни иницијативи за МИП. Ваквите иницијативи на медиумски организации, медиуми на јавниот сервис, медиуми во заедницата, независни регулаторни тела, актери на граѓанското општество и други релевантни актери треба да бидат поддржани преку стратешка координација на национално ниво, врз основа на посветена политика и стратегија за развој, имплементација и евалуација.

3.1.5 **Поддршка за меѓусекторска соработка:** широк опсег на сектори се вклучени во промовирањето на вештините и знаењата потребни за препознавање, користење и вреднување на квалитетното новинарство. Иницијативите кои вклучуваат меѓусекторска соработка може да имаат значителен дофат и ангажман, бидејќи работата во партнерство е клучен аспект за реализација на значајни проектите за МИП. Државите треба да покажат лидерство во оваа област со активна поддршка и финансирање на развојот на националните мрежи за да се олесни меѓусекторската комуникација и соработка и да се мапираат тековните интервенции и целни групи на МИП. Покрај тоа, повеќе координацијата може да помогне да се олесни подоброто искористување на постојните образовни инфраструктури и истражувањето на нови, како и можностите за финансирање, за да се допре до сите сектори на општеството, особено оние кои не се во формално образование и оние со специфични потреби за МИП.

3.1.6. **Евалуација и мултиплицирање:** меѓусекторската соработка може да се искористи за изготвување на заедничка рамка за евалуација која ќе ја олесни споредбата на резултатите и исходите од проектот. Ова ќе овозможи идентификација на успешни проекти или проектни елементи со потенцијал за репликација и зголемување. Клучните чинители треба да размислат како постоечките МИП пристапи, кампањи и ресурси кои се однесуваат на универзални теми, вклучително и како функционираат социјалните медиуми и услугите за пребарување, може да се реплицираат за употреба во други области, на национално или меѓународно ниво, или за други целни групи, со должно почитување на националните и културните разлики.

## 3.2. Можности за обука за медиумски професионалци

3.2.1. **Професија:** професијата новинар/ка станува се помалку атрактивна поради финансиските ограничувања, заканите и притисоците за побрзи и поевтини вести, кои се влошуваат со ограничените можности за обука и развој. За да се реши овој феномен, државите треба да ги охрабрат и промовираат кариерите во новинарството со јавно признавање дека квалитетното новинарство е централно за функционирањето на демократските општества. Институциите за обуки треба да имаат за цел да ги направат нивните наставни програми подостапни и разновидни, да промовираат практични искуства, како и теоретски пристапи, и да испорачаат етичка обука за сите идни актери во медиумската индустрија. Темите поврзани со граѓанското образование, човековите права, работата на демократските држави, изборите и референдумите треба да се изучуваат како дел од основните новинарски вештини.

3.2.2. **МИП за редакции:** специфични програми за медиумска писменост се потребни и за редакциите, особено за промовирање на соработката во редакциите, градењето на заедницата и учеството на публиката. Ваквите програми, исто така, треба да ја вкотват верификацијата и разоткривањето на новинар(к)ите и неновинар(к)ите како камен-темелник на квалитетното новинарство, покривајќи ја важноста од проверката на фактите, што да се провери, процесот на верификација, плус вообичаени грешки и како истите да се избегнат. Дополнително, редакциите би можеле да имаат корист од развојот на разбирањето на когнитивните процеси вклучени во критичката анализа на содржината од страна на публиката; како човечкиот мозок ги перцепира и обработува вестите; како да се спротивстави на пристрасноста за потврда; како соодветно да се справиме со разоткривањето на лажните тврдења; или ефектите од лошите/насилните/воајеристичките вести врз конзумирањето вести.

3.2.3. **Надградба:** новинар(к)ите, вклучително и фриленс новинар(к)и, медиумските актери и поединците/ките посветени на производство на квалитетно новинарство треба да имаат пристап до можности за доживотна обука. Тие треба да бидат способни редовно да ги ажурираат своите вештини и знаења, конкретно во однос на нивните должности и одговорности во дигиталното опкружување, преку програми за стипендии и финансиска поддршка. Медиумите од јавниот сервис треба да организираат систематски работилници и курсеви за обука за техники за верификација и да поттикнуваат размена на добри практики во областа на спротивставување на дезинформации и пропаганда, барајќи синергија со други квалитетни партнери за вести. На новинар(к)ите треба да им бидат достапни соодветни можности за обука и преквалификација, вклучително и оние кои работат на помалку употребуваните и малцинските јазици и/или локални и регионални заедници.

3.2.4. **Специјализации:** специфичните наставни програми и курсеви за професионална обука треба да бидат достапни во областите на науката, здравјето, животната средина, инженерството, правото и други специјализирани предмети од јавен интерес, идеално мотивирајќи ги студент(к)ите по новинарство да стекнат практични вештини и да ги совладаат теориите за новинарско покривање на такви полиња.

3.2.5. **Медиуми во заедницата:** медиумите во заедницата играат важна улога во обуката на идните новинар(к)и и во промовирањето на вклученоста преку задоволување на различните комуникациски и медиумски потреби на различни сегменти од општеството, нудејќи простор за самопретставување на инаку „безгласните“, и преку рефлектирање на различните заедници како интегрални и почитувани делови од публиката. Тие треба да бидат поддржани во охрабрувањето на студент(к)ите и младите да се вклучат во новинарството и да ја подобрат нивната медиумска писменост, како и нивното општо знаење преку истражување, идентификување на експерт(к)и, водење интервјуа и продуцирање и емитување новинарски дела. Понатаму, треба да се обезбеди поддршка за размена на добри практики во обуката за повеќејазични и интеркултурни медиуми за да се олесни инклузивниот квалитетен медиумски производ и продукција низ Европа.

Уверени дека за да напредува квалитетното новинарство владите мора да ја штитат и унапредуваат слободата на изразување и да обезбедат поволна средина за медиумска слобода и плурализам, во согласност со препораките од Комитетот на министри.

PREMS 047422

Овој превод е направен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Наведената содржина е единствена одговорност на Советот на Европа и не значи дека секогаш ги одразува ставовите на Европската Унија.

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската Унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Превод кофинансиран од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE